Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 977/2022

Дата: 31-05-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Струга се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктура за пренос на електрична енергија, меѓуградски високи и среднонапонски подземни и надземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивни мрежи со пратечки далноводни столбови, трансформаторски станици и помошни објекти во КО Франгово – вон градежен реон, Општина Струга.** Вкупната должина на планскиот опфат изнесува 0,467 км.

Планскиот опфат се сече со линиска инфраструктура за која што има издадено Услови за планирање на просторот за поставување на подземена инфраструктура за оптички кабел на релација Скопје-Ќафасан со тех. бр. У32107 и за поставување подземна мрежа со кабел на подрачје Деве Баир – Ќафасан со тех. бр. У07705.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y17022** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот кои се наменети за изградба на инфраструктура за пренос на електрична енергија, меѓуградски високи и среднонапонски подземни и надземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивни мрежи со пратечки далноводни столбови, трансформаторски станици и помошни објекти во КО Франгово – вон градежен реон,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

Општина Струга, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Предметната локација се наоѓа во опфат на простор заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина за поставување на инфраструктура за пренос на електрична енергија, меѓуградски високи и среднонапонски подземни и надземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивни мрежи со пратечки далноводни столбови, трансформаторски станици и помошни објекти во КО Франгово, Општина Струга., потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметниот простор за изградба на инфраструктура за пренос на електрична енергија во КО Франгово, Општина Струга, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Струга, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 42284 од 05.04.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на инфраструктура за пренос на електрична енергија, меѓуградски високи и среднонапонски подземни и надземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивни мрежи со пратечки далноводни столбови, трансформаторски станици и помошни објекти во КО Франгово – вон градежен реон, Општина Струга.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на инфраструктура за пренос на електрична енергија, меѓуградски високи и среднонапонски подземни и надземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивни мрежи со пратечки далноводни столбови, трансформаторски станици и помошни објекти во КО Франгово – вон градежен реон, Општина Струга, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 977/2022 од 25.05.2022 год.

Условите за планирање на просторот **за изградба на инфраструктура за пренос на електрична енергија, меѓуградски високи и среднонапонски подземни и надземни електрични водови и средно и нисконапонски водови од дистрибутивни мрежи со пратечки далноводни столбови, трансформаторски станици и помошни објекти во КО Франгово – вон градежен реон, Општина Струга,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил/Одобрил:
Соња Фурнаџиска